# План за работа на
# ЈП „ПАЗАРИ“ - Битола
## за 2017 година



Битола, Декември, 2016 год.

С О Д Р Ж И Н А


1. Цели и задачи на планот за работа
2. Услови од кои зависи остварувањето на целите и задачите на планот.
3. Динамика на планираните приходи во 2017 година.
4. Планирани приходи по места на наплата.
5. Планирана динамика на трошоците по места на настанување.
6. План на деловниот резултат во 2017 година.
7. Планирани индикатори на работењето.
8. Завршни одредби

## 1. ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ПЛАНОТ ЗА РАБОТА

Со планот за работа на ЈП„Пазари Битола ќе се дефинира планираното работење на претпријатието во 2017 година, согласно со Законот за Комунални дејности,Законот за локална самоуправа и др. подзаконски акти кои го третираат нашето работење.

Планот за работа на Ј.П.„Пазари”-Битола за 2017 година, произлегува од анализата за работењето на претпријатието во 2016 година(анализата опфака остварени резултати до 31.10.2016 година како и предвидување на резултатите во последните два месеци од годината) и очекувањата на стопанските движења во 2017 година.

Основните цели и задачи кои Ј.П.„Пазари”-Битола ќе треба да ги постигне во 2017 година се следните:

1. Одржување на стабилна финансиска состојба ;
2. Продолжување на активностите за реконструкција на градскиот пазар;
- партерното уредување на делот од пазарот пред Управната зграда т.н. реон за бижутерија(прва фаза),
- и втора фаза монтажно покривање на продажниот простор на реон за бижутерија
3. Нов детален урбанистички план за Маас пазар кој би опфатил реконструкција на постоечките објекти и изградба на нови.

**1.Одржувањето на стабилната финансиска состојба подразбира :**

1.1. Максимална искористеност на пазарните капацитети и деловниот простор со кој располага ЈП”Пазари”-Битола со што би се овозможиле постојани и стабилни извори на финансирање на претпријатието;

1.2. Постојана тековна ликвидност на претпријатието преку рационално користење на финансиските средства и сведување на трошоците на оптимално ниво неопходно за функционирање на претпријатието.

**2.Продолжување на активностите за целосна реконструкција и покривање на пазарот.**

2.1.Јавното претпријатие Пазари ќе продолжи со активностите за целосна реконструкција и покривање на одредени делови од пазарот кои не се покриени, во согласност со промените кои ќе се направат во новиот Детален урбанистички план.

*3.Набавка на нови современи тезги по нови стандарди за сите делови од пазарот кои ќе бидат реконструирани.*

## 2.УСЛОВИ ОД КОИ ЗАВИСИ ОСТВАРУВАЊЕТО НА ЦЕЛИТЕ И ЗАДАЧИТЕ НА ПЛАНОТ

Постигнувањето на целите предвидени со планот зависи од повеќе фактори кои би можеле да ги поделиме во две групи и тоа:

А)Надворешни- тоа се фактори кои не зависат од работењето на Ј.П .„Пазари”-Битола но директно влијаат врз неговата успешност.

Во нив влегуваат:

- Глобалните финансиски состојби односно условите во кои се одвива домашната и светската економија
- Физичкиот обем на производство на земјоделски производи,кое во голема мера зависи и од климатските услови, од што се определува и количеството на земјоделски производи кои се продаваат на пазарот;
- Движењето на цените на големо и мало на земјоделските производи;
- Куповната моќ на населението во Република Македонија;
- Квалитетот на изложените производи;

Б)Внатрешни фактори кои дирекно зависат од работењето на претпријатието а позначајни се:

- Организациона поставеност на претпријатието;
- Деловната политика на претпријатието;
- Ангажираност на човечкиот фактор;

Целите и задачите поставени со овој план ќе бидат постигнати доколку се остварат планираните приходи и расходи кои ќе бидат претставени во овој план.

## 3.ДИНАМИКА НА ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ВО 2017 ГОДИНА

ТАБЕЛА БР.1

| Ре. Бр | ЕЛЕМЕНТИ | План за 2017 | Процент на учество |
|---|---|---|---|
| 1. | Приход од продажба на услуги на домашен пазар | 16.120.000,- | 67 |
| 2. | Приходи од наемнини за деловен простор | 7.900.000,- | 32 |
| 3. | Приходи по основ на камати | 20.000,- | 0,1 |
| 4. | Приходи од наплатени отпишани побарувања од поранешни години и др.деловни приходи | 105.000,- | 0,4 |
| 5. | Приходи од осигурување и вонредни приходи | 125.000,- | 0,5 |
| | ВКУПНО | 24.270.000,- | 100,00 |

1.Планираните приходи од продажба на услуги на домашен пазар во износ од 16.120.000,- денари ги сочинуваат приходите од наплата на пазаришна такса, паушал и закупнина за продажен простор и истите планираме да ги зголемиме за околу 2,5 % во однос на планираните приходи во 2016 година(15.730.000,-)

2.Планираните приходи од наемнина за деловен простор ги опфаќаат приходите од издавање на деловниот простор од кои очекуваме приходи од околу 7.900.000,- денари што претставува исто ниво како и во планот за 2016 година.Се надеваме дека приходите од наемнините ќе ги задржиме на исто ниво што главно се должи на намалената заинтересираност за изнајмување на деловниот простор во Маас пазар поради лошата состојба во која тие се наоѓаат .

За 2017 година планираме да ги зголемиме вкупните приходи за околу 1,6% во однос на планираните приходи за 2016 година(23.880.000,-). Ваквото проектирање на приходите се должи на очекувањата за искористувањето на капацитетите во Маас Пазар (реконструираните реони 7 и 8 кои моментално работат со 100% искористеност), на стопанисувањето со реонскиот пазар и очекувањата за подобрување на општиот амбиент за работа.

3.Приходите по основ на каматите, приходите од наплатени отпишани побарувања како и приходите од осигурувањето и вонредните приходи( табела бр. 1 под реден број 3,4 и 5) влегуваат во групата на приходи кои неможат точно да се планираат затоа што имаат варијабилен карактер, а нивната проекција произлегува од остварените приходи од 2016 година по истите основи како и некои наши очекувања за 2017 година.

Во последната колона од табела бр.1 е дадено процентуалното учество на секој од овие приходи во вкупниот приход.

## 4. ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ПО МЕСТА НА НАПЛАТА

ТАБЕЛА БР.2

| Ре. Бр | ЕЛЕМЕНТИ | План за 2016.год | Процент на учество |
|---|---|---|---|
| 1. | Приходи од пазаришна такса | 3.950.000,- | 24,5 |
| 2. | Приходи од месечен паушал | 8.130.000,- | 50,5 |
| 3. | Приходи од закупнина и надзакупнина | 2.940.000,- | 18,2 |
| 4. | Приходи од Сточен пазар | 1.100.000,- | 6,8 |
| | ВКУПНО | 16.120.000,- | 100,00 |

Табела број 2 претставува продолжение на табелата број 1 во која се планираат приходите од продажбата на услугите на домашниот пазар само сега дадени според местото на нивна наплата.

Најголемо процентуално учество во планираните приходи од продажба на услуги на домашен пазар по места на наплата за 2017 година отпаѓа на приходите од месечен паушал со 50,5 %, пазаришна такса со 24,5% следуваат приходите од закупнина и надзакупнина со 18,2% и Сточен пазар со 6,8%.

Неопходно е да се напомени дека сите цени на услугите на ЈП"Пазари" се наплаќаат согласно на одлуките донесени од Управниот одбор на Јавното претпријатие потврдени од Советот на општина Битола.



## 5..ДИНАМИКА НА ПЛАНИРАНИ ТРОШОЦИ ЗА 2017 ГОДИНА

ТАБЕЛА БР.3

| Ред. бр. | | ЕЛЕМЕНТИ | планирано 2017 | инд. 2017. |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 401 | Пот.материјали (канцелариски и суровини) | 300.000 | 1,3 |
| 2 | 403 | Потрошена енергија(ел.енер, бензин, дрва) | 590.000 | 2,5 |
| 3 | 407 | Отп.на ситен инвентар | 45.000 | 0,2 |
| 4 | 410 | Транспортни услуги | 1.000 | |
| 5 | 411 | Трошоци за ПТТ услуги (телефон и интернет услуги) | 150.000 | 0,6 |
| 6 | 413 | Услуги за одржување(тековни,хигиена и возила | 300.000 | 1,3 |
| 7 | 4150 | Трошоци за вода | 400.000 | 1,7 |
| 8 | 4151 | Трошоци за губре | 620.000 | 2,6 |
| 9 | 4152 | Др.комунални услуги | 7.000 | 0,03 |
| 10 | 4158 | Ветеринарни,санитарни и слични услуги | 100.000 | 0,4 |
| 11 | 417 | Трошоци за реклама и пропаганда | 150.000 | 0,6 |
| 12 | 419 | Останати услуги (регистрација и огласи) | 900.000 | 3,8 |
| 13 | 421 | Вкалкулирани плати | 15.650.000 | 65,2 |
| 14 | 422 | Остан. трошоци од раб.(опремнина,регрес,јубил.наград.) | 1.000.000 | 4,2 |
| 15 | 430 | Амортизација | 1.850.000 | 7,7 |
| 16 | 440 | Над. на трош. на вработени(дневн., ноќев,превоз,пат) | 100..000 | 0,4 |
| 17 | 441 | Трошоци за стручно образование и систем.прегледи | 150.000 | 0,6 |
| 18 | 442 | Непроизв. ус.(трошоци за У.О.) | 600.000 | 2,5 |
| 19 | 443 | Трошоци за спонзорства | 200.000 | 0,8 |
| 20 | 444 | Трош.за репрезентација | 200.000 | 0,8 |
| 21 | 445 | Премии за осигурување | 100.000 | 0,4 |
| 22 | 4461 | Банкарски услуги | 65.000 | 0,3 |
| 23 | 4470 | Данок на имот и права | 12.000 | 0,1 |
| 24 | 4477 | Членарина на комори | 30.000 | 0,1 |
| 25 | 44792 | Административни,судски и нотарски услуги | 30.000 | 0,1 |
| 26 | 4497 | Др. нематеријални трош. книги,дневни и неделни весници | 100.000 | 0,4 |
| 27 | 4499 | Останати расходи од работењето | 350.000 | 1,5 |
| | | | | |
| | | ВКУПНО | 24.000.000 | 100 |

Во табела бр.3 се прикажани планираните трошоци во 2017 година по ставки. Во текот на работењето заради рационално и ефикасно користење на средствата можни се одредени прелевања на трошковните ставки односно зголемување или намалување на едни за сметка на други трошковни ставки, при што ќе се води сметка вкупниот износ на трошоците да останат на утврденото ниво.

## 6. ПЛАН НА ДЕЛОВНИОТ РЕЗУЛТАТ ЗА 2017 ГОД.

ТАБЕЛА БР.4

| Ре. Бр. | Е Л Е М Е Н Т И | План за 2017 год. | Процент-учество | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Вкупно приходи | 24.270.000,- | 100 | | |
| 2. | Вкупно расходи | 24.000.000,- | 98.88 | | |
| 3. | Добивка пред оданочување | 270.000,- | 1.12 | | |

Во табела број 4 може да се види табеларен приказ на планираниот деловен резултат за 2017 година на ЈП "Пазари". Вкупните расходи во деловниот резултат учествуваат со 98,88% а добивката пред оданочување со 1.12%

## 7. ИНДИКАТОРИ НА РАБОТЕЊЕТО

ТАБЕЛА БР.5

| Ре. Бр | Е Л Е М Е Н Т И | | Коефициент Процент |
|---|---|---|---|
| 1. | Економичност | (вкупно приходи/вкупно расходи) | 1.011 |
| 2. | Продуктивност | (вкупно приходи/вкупен бр.вработени) | 577.857 |
| 3. | Рентабилност | (добивка/вкупно расходи) | 0,011 |

Сите планирани индикатори на работењето за календарската 2017 година се планира да бележат позитивен раст, а тоа може да се види од табела број 5. Горенаведените индикатори се планираат да се остварат со 42 вработени.

## 8.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Од планот за работа на ЈП”Пазари”-Битола за 2017 година можат да се извлечат неколку заклучоци и тоа;

1.Основна задача и цел во 2017 година ќе биде одржување на стабилната финансиска состојба во континуитет,имајќи ги тука во предвид постоечките услови на стопанисување , надворешните и внатрешните фактори од кои директно зависи работењето на претпријатието, куповната моќ на граганите и др.

2.Постојана тековна ликвидност на претпријатието преку рационално и домаќинско користење на финансиските средства и сведување на трошоците на оптимално ниво неопходно за функционирање на претпријатието.

3.Планираме приоритетно да продолжиме со активностите за целосна реконструкција и покривање на пазарот што подразбира покривање на останатите делови од пазарот кои не се покриени и опремување со нови современи тезги за продажба во согласно со новиот Детален урбанистички план.

ЈП”ПАЗАРИ”-БИТОЛА

________________________

ЈП ПАЗАРИ
Битола